УДК: 94:050(497.1):[930(497.7)

Игор Јуруков
igoryurukov@gmail.com

# МЕСТОТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИСТОРИСКИ ЧАСОПИС ВО ИСТОРИСКАТА НАУКА ВО НАРОДНА/СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Апстракт*. – Научните и стручните списанија по историја биле значаен дел од развојот на историската наука и на наставата по историја во Народна/Социјалистичка Република Македонија. Списанијата кои биле издавани по втората светска војна имале свој развој кој зависел првенствено од материјалните средства кои биле одвојувани за нивното издавање. Некои списанија се појавувале како универзални за историската наука и за методиката на наставата по историја, додека други пак биле специјализирани. Во 1962 година почнало да излегува списанието „Југословенски историски часопис“ како општо југословенско историско списание и било посветено повеќе на науката, отколку на образованието, односно поконкретно списанието Југословенскиот историски часопис било окарактеризирано како научно списание кое не опфаќа теми од областа на педагошко-дидактичката работа.
Списанието „Југословенски историски часопис“ било орган на Сојузот на историските друштва на Федеративна Народна Република Југославија, излегувало четири пати годишно, а носител бил Историскиот семинар при Филозофскиот факултет од Белград. Целта на списанието било да ги обедини делата на старите и новите универзитетски центри во Југословенската федерација, на научните установи, како и трудовите на професорите кои обработувале различни теми. Списанието обработувало различни, нови, дотогаш не проучувани проблеми, односно се развивала расправа за историски содржини и теми за народите кои биле дел од Југословенската федерација.
Ова списание има големо значење за Македонскиот народ, за македонската држава и македонската наука, а преку учеството во него македонските историчари со свои статии и други дела можеле да се изразат и да творат во сопствена држава, во сопствени институции, за сопствените историски настани и личности.

## ВОВЕД

По завршувањето на втората светска војна федеративната југословенска држава ќе почне да ги развива воените, стопанските, економските, општествените, социјалните и останатите делови на државата. Заздравувањето на одредени делови од државата оделе побрзо и ќе им биде даден приоритет, а други ќе биле оставени да почекаат подобри времиња. Таква ќе биде состојбата со науката, а посебно со историската наука, каде имало рационализирање на средствата, но каде сепак се наоѓале различни начини историската наука да не остане запоставена и да исполни одредени цели кои биле важни за државата. Меѓу другото по втората светска војна во науката, односно за развој на историската наука се појавуваат институции во федерална Македонија кои биле самостојни, како Институтот за национална историја основан во 1948 година и Институтот за историја во рамките на Филозофскиот факултет, а во рамките на истите се појавува и стручна литературата. Конкретно во однос на стручната литература во федеративна Југославија се појавиле повеќе стручни списанија кои имале содржини кои припаѓале на повеќе дисциплини. Така, првото стручно списание за историја по втората светска војна било сублимат на теми и содржини од методика на наставата по историја, од историското образование и историската наука. Ова списание почнало да излегува во 1954 година и го носело името „Историски преглед“[1]. Излегувањето на ова списание од финансиски причини било прекинато во 1955 година, за истото редовно да продолжи да излегува од 1957 до 1964 година, кога повторно заради недостаток на материјални средства списанието и конечно ќе престане да излегува под ова негово име.[2]

Историски преглед било списание за наставата по историја, орган на сојузот на историските друштва на ФНРЈ[3] и списание од „педагошки и научен карактер“[4]. Издавач на списанието бил Сојузот на историските друштва на ФНРЈ, а редакцијата била во 1954 и 1955 година (кога из-

[1] Списанието „Историски преглед“ или „Historiski pregled“ било списание за наставта по историја на Сојузот на историските друштва на ФНРЈ, кое излегувало четири пати годишно, често и како двоброј на српско-хрватски јазик, а било печатено на кирилично и на латинично писмо од Графичкиот завод на Хрватска.

[2] Јуруков, Игор. Стручните списанија по историја во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1954-1991), Историја, Здружение на историчарите на Република Македонија, 2018, бр.2, стр. 2

[3] Федеративна Народна Република Југославија.

[4] Historijski pregled u desetoj godini, Historijski pregled, 3-4, Graficki zavod Hrvatske, (1964), 1.

легол само еден број) со седиште во Белград, за при неговото повторно излегување во 1957 година редакцијата да биде преместена во Загреб.

Во 1962 година почнало да излегува списанието „Југословенски историски часопис“ како општо југословенско историско списание. Во услови во кои материјалните средства одвојувани за науката и образованието биле помали од потребните се поставило прашањето дали е оправдано излегувањето на две списанија за историја. Околу оправданоста од излегувањето на списанието „Историски преглед“ и истовремено со него на „Југословенскиот историски часопис“ се развила дискусија чие сведоштво се наоѓа во списанието „Историски преглед“[5] од 1964 година. При расправата кое од овие две списанија е постручно и покорисно, се дошло до заклучок дека стручни и корисни се двете списанија, при што „Југословенски историски часопис “ било посветено повеќе на науката, отколку на образованието, односно поконкретно списанието Југословенскиот историски часопис било окарактеризирано како научно списание кое не опфаќа теми од областа на педагошко-дидактичката работа. Од друга страна пак списанието „Историски преглед“ се обврзало дека по 1962 година нема да има повеќе „педагошки и научен карактер“, туку ќе се задржи само педагошкиот карактер, отстапувајќи му место на „ Југословенскиот историски часопис “ како списание со научен карактер[6].

За списанијата „Наставата по историја“ и „Историски преглед“ веќе е објавен научниот труд „Стручните списанија по историја во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1954–1991), додека списанието „Југословенски историски часопис“ ќе биде научно обработено и претставено во понатамошниот текст.

## Стручното списание: „Југословенски историски часопис“

Интересно е што списание со ова име: „Југословенски историски часопис“ било создадено уште пред Втората светска војна во периодот од 1935 до 1941 година, односно било издавано и печатено од Југословенското историско друштво во Кралството Југославија. Од изворите кои можат да се најдат од овој период може да се види дека списанието излегувало двапати годишно како двоброј, на српски јазик. Негов уредник бил Виктор Новак, додека како соработници се јавуваат Владимир Ѓоровиќ, Милко Кос, Фердо Шишиќ и други.

---

[5] Historijski pregled u desetoj godini, Historijski pregled, 1, Graficki zavod Hrvatske, (1964), 1.
[6] Исто, 2

По втората светска војната случајно или не, под истото име во 1962 година ќе се појави списанието „Југословенски историски часопис“ како орган на Сојузот на историските друштва на Федеративна Народна Република Југославија. Списанието излегувало четири пати годишно, носител бил Историскиот семинар при Филозофскиот факултет од Белград, а списанието имало Уредувачки одбор, Редакција, одговорен уредник и директор. Во првиот уредувачки одбор членувале професори од целата држава, и тоа: Христо Андоновски, Бранислав Ѓурѓев, Бого Графенауер, Данило Јауковиќ, Јован Марјановиќ, Есад Пашалиќ, Ѓоко Пејовиќ, Душан Перовиќ, Јарослав Шидак и Фран Цвитер. Дел од професорите застапени во уредувачкиот биле и дел на редакцијата и другите тела, одговорен уредник бил Јован Марјановиќ, а директор Бранислав Ѓурѓев. Подоцна овие тела претрпеле промени, биле дополнувани со нови професори, но важна за приказ е структурата токму на првите споменати тела каде членувале професори од сите делови на федерална Југославија.

Според „Југословенски историски часопис“ целта на списанието било да ги обедини делата на старите и новите универзитетски центри во Југословенската федерација, на научните установи, како и трудовите на професорите кои обработувале различни теми. Исто така, списанието требало да обработува различни, нови, дотогаш не проучувани проблеми, односно да развие расправа за сите видови на историски содржини и теми за народите кои биле дел од Југословенската федерација. „Југословенски историски часопис“ пред се настојувал да пружи преглед на основните активности во областа на историската наука и систематски да ја следи, настојувајќи од современи научни позиции да ги оценува поединечните појави и научни дела, како и целокупниот развиток на југословенската историографија и да влијае на тој развиток, колку што се може.[7]

Стручното списание било содржински богато, односно содржело статии напишани од еминентни „југословенски“ историчари, како и осврти на домашни и меѓународни конгреси, конференции, средби на историчари од државата и од странство, програми на одредени институции и др. Од споменатите содржини како што беше споменато списанието опфаќало теми кои ја следеле научно истражувачката работа на институциите, при што во првиот број од посебна важност за Македонија се темите кои биле поврзани со македонската историја.

---

[7] Uvodna rec, Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1964), br.2, 3.

Едно од таквите дела или статии е Програмата на научно истражувачката работа на институтот на национална историја на Македонија изготвена од А. Христов, како и содржината Годишно собрание на Институтот за национална историја и Историското друштво на НР Македонија од О. Ивановски. За македонската историска наука од големо значење е содржината на Б. Петрановиќ, За некои проблеми за обработувањето на историјата на ФНРЈ. Имено Петрановиќ во својот труд зборува за потребата од подеднаквата застапеност на историите на сите народи во Југославија, како и за недоволната историска дистанца и пишувањето на настаните поврзани со социјалистичката револуција и Втората светска војна. Според него историските начини требало да се обработуваат без да има политичко влијание на истите. Главната опасност според него е обработката на современата историја низ призмата на дневната политика, односно за опасноста историјата да се стави во служба на дневната политика. Исто така тој го поставува прашањето за почетокот на изучувањето на историјата на ФНРЈ, како и за историските настани по втората светска војна поврзани со ФНРЈ и начинот на нивното проучување, користењето на изворите и литературата и сл. Со други зборови тој се залагал за научна заснованост на пишувањето на историјата, за рамноправност и почитување на т. н историска дистанца. Сепак Петрановиќ не се оддалечува од идејата историјата која се пишува да биде во духот на марксизмот, социјализмот и антифашизмот.

Забележително меѓу содржините приложени во „Југословенски историски часопис" се и трудовите на македонските научни работници и пред се на македонските историчари за теми поврзани со македонската историја. Еден од првите трудови е „Второто заседание на АВНОЈ и војно-политичката состојба во Македонија"[8] од Михајло Апостолски каде се опишува развојот на народно ослободителната војна во Македонија и се дава историска основа за учеството на Македонија и Македонците на АВНОЈ и во Југословенската федерација воопшто. Во овој труд постојано е потенцирана разликата помеѓу фашистичките и антифашистичките сили во Македонија, борбата на македонскиот народ за слобода, како и стратешките документи кои произлегуваат од борбата на македонскиот народ заедно со другите граѓани кои го прифатиле антифашизмот како основа за слобода на Македонија. Она што е специфично за овој труд, а подразбираме дека и редакцијата го одобрила истото е

[8] M. Apostolski, II zasedanje AVNOJ-a i vojno-politicka situacija u Makedoniji, Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod,(1963), br.4, 24-35

неприсуството на одредени дати кои се одбележувале, а се одбележуваат и денес, а кои се намерно или случајно избегнати од авторот. Поточно во текстот при описот на настаните од почетокот на војната до првото заседание на АСНОМ не се споменува почетокот на востанието во Македонија, односно се потенцира дека има партизански одреди, како и нивна вооружена борба со непријателот и се истакнуваат и политичките и воените акции во градовите и селата како саботажи, диверзии, протести, демонстрации и друго, но никаде не се споменува востанието и акциите на партизаните во Прилеп и Куманово. Потоа се објаснува формирањето на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија (ЦК КПМ) во март 1943 година и дури потоа се зборува за започнувањето на конкретни воени дејства. Во текстот се вели: Сите политички и воени мерки преземени во почетокот и во пролетта 1943 година овозможиле брз развој на вооруженото востание скоро во цела Македонија.[9] Ваквите искази го потврдуваат потенцирањето на Комунистичката партија на Југославија и значењето на формирањето на Комунистичката партија на Македонија, при што „вистинската“ борба на македонскиот народ ја поврзуваат токму со неа. Од денешна гледна точка не може да се замисли не споменувањето на 11 Октомври или намалување на неговата вредност, но од гледна точка на авторот во времето во кое е пишуван трудот веројатно биле поважни формирањето на ЦК КПМ и вооружените акции на партизанските одреди кои се јавуваат потоа, со акцент на формирањето на слободната територија во 1943 година во западниот дел на Македонија. Значи важно било да се прикаже улогата на Комунистичката Партија на Македонија и нејзината борба за учество во федеративна Југославија во рамките на антифашистичката војна. Од друга страна како историски текст, статијата ја прикажува целата историја на Македонскиот народ и неговата борба за слобода како антифашистички и државотворен народ, статија напишана од еден македонски историчар кој можел слободно да се изрази и да ги претстави посочените појави, што претставува голем чекор напред за македонската историографија.

Од содржините посветени за Македонија во првите години од излегувањето на „Југословенски историски часопис“ можат да се издвојат и „Нови прилози од историјата на културно-политичките односи на македонскиот и српскиот народ во XIX век од Климе Џамбазовски, „Мориово во XV и XVI век“ од Александар Стојановски, прилог на В. Стругар:

---

[9] M. Apostolski, II zasedanje AVNOJ-a i vojno-politicka situacija u Makedoniji, Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1963), br.4, 26.

И. Катарџиев, Комунистичката партија на Југославија во Македонија до Обзнаната, потоа осврт на списанието „Разгледи“ непосредно по скопскиот земјотрес и др.

Првиот споменат труд „Нови прилози од историјата на културно-политичките односи на македонскиот и српскиот народ во XIX век од Климе Џамбазовски е посебно специфичен бидејќи содржи научно докажани историски вистини, но истовремено е напишан во духот на братството и единството помеѓу македонскиот и српскиот народ, а се споменуваат и другите југословенски народи со кои се потенцира добриот однос на македонските трговци. Во ова дело постои обид да се прикаже Кнежевството Србија како пријателски настроено кон Македонците во трговски, културно-образовен и политички смисол, што од перспектива на времето во кое е пишувано делото е можеби оправдано, но од денешна гледна точка не е, знаејќи за воспоставувањето на смисленото влијание и асимилаторската дејност од страна на Кнежевството Србија кон Македонија. Во ова дело постојано се зборува за македонскиот народ и српскиот народ, не земајќи во предвид дека Србија не го признавала македонскиот народ до Втората светска војна до кога била присутна и отворената асимилаторската политика и тврдењата дека Македонците се дел од српскиот народ, посебно на делот на Македонија под српска власт. Иако се истакнуваат примери на настани и личности кои можат да се протолкуваат како поддржување на македонската самобитност од страна на Србија, сепак точно се знаела границата на самобитноста и српските интереси. Или како што вели авторот „Толеранцијата на српските политичари кон македонскиот „сепаратизам“ сепак водела сметка да не ги загрози српските национални интереси во Македонија“[10]. Се споменува и пријателството на Илија Гарашанин со Македонците, иако знаеме дека истиот е творец на идејата за асимилација на Македонците, на српската поддршка на дејноста на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Димитар Миладинов, без конкретно да се наведат посериозни податоци. Авторот го објаснува и односот на Србија кон ВМРО, потенцирајќи ја поддршката, но и ставот на Србија дека Македонија мора да биде дел од одредена федерација со Србија или со Бугарија. Сепак евидентно е дека во секоја смисла во овој труд се водело сметка да се прикаже братството и единството помеѓу Македонците и Србите и тогаш кога го не-

[10] Dzambazovski, Kiril, Novi prilozi istoriju kulturno-politickih odnosa makedonskog i srpskog Naroda, u XIX veku, Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1964), br.1, 66.

мало, секако во интерес на ново настанатата југословенска федерација. Оттука овој труд ги исцртува контурите на идната политика и стремежот македонскиот народ да се прикаже како братски со останатите народи во Југославија. Од друга страна како историски текст делото дава голем број податоци за македонските трговци и нивното движење, за соработката на Македонците со другите народи, за состојбата во Македонија во овој период, за создавањето на ВМРО и односот на различни чинители кон него што претставувало можност еден македонски историчар да се изрази и да ги претстави посочените појави и процеси.

Во прилог на В. Стругар: И. Катарџиев, Комунистичката партија на Југославија во Македонија до Обзнаната, авторот на прилогот го пофалил Иван Катарџиев и неговото дело и ја потенцира само посветеноста на Македонците како комунисти кои успеале на изборите да добијат голем број гласови, не сакајќи да види нешто што видел и напишал Катарџиев, а тоа е дека Македонците виделе партнер во комунистите за нивно национално ослободување, а не за идеологија. Значајно било да се прикажат Македонците како следбеници на истата идеологија врз која се темелела Федеративна Народна Република Југославија, а подоцна Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Во секој случај позитивно е што еден македонски историчар го привлекол вниманието на професорот Стругар со тема која дотогаш не била обработувана, а е важна за историјата на македонскиот народ.

Од претходно наведеното може да се види дека сите содржини во основа имаат југословенски, антифашистички, социјалистички и марксистички карактер, кои постојано се потенцираат од страна на авторите. Постојано е потенцирањето и братството и единството на народите кои биле дел од федерацијата. Од истото може да се заклучи дека напишани се текстови од историјата на македонскиот народ за различни периоди и за различна тематика, што е од големо значење за македонската историографија.

Во таа смисла дадени се и осврти на текстовите со напомана дека и останатите броеви на списанието „Југословенски историски часопис" се движат во иста насока. Потенцирањето на вредностите кои се прикажани во споменатите дела не биле ниту случајни, ниту наивни. Напротив во само неколку броја на издавањето на списанието било јасно дека истото преку историјата ќе ја докажува оправданоста и државноста на Југословенската федерација, како држава на братските народи на Југославија, како држава створена во вителот на антифашистичката

борба, како држава чии народи се ослободиле под водство на комунистичката партија и како држава која понатаму ќе се развива врз темелите на марксизмот и социјализмот.

Во иста конотација се пишувани и другите научни и стручни списанија кои ја обработуваат оваа проблематика, како што се „Наставата по историја" и „Историски преглед" кои ги имале истите цели кои се јавуваат во наука преку образованието и дидактиката. За таа цел може да направиме компарација со списанијата кои се претходно споменати, а чии текстови се темелат на југословенството, антифашизмот, марксизмот, братството и единството, како и на споменатото „заедничко историско јадро" споменато уште во 1962 година во списанието „Историски преглед" во текстот изложен од Иван Кампуш, со наслов Прирачникот за методика наставата по историја[11]. Заедничкото историско јадро се провлекува во образованието до 1991 година и истото може да се препознае и во „Југословенскиот историски часопис". Со други зборови заедничко за сите научни и стручни списанија поврзани со историјата и историското образование се текстовите кои се исклучиво во функцијата на државата и во прикажувањето на сликата на непријателот кој припаѓа или на минатиот режим или на буржоаските елементи и прикажувањето на сликата на Југословенската федерација како братска, антифашистичка, комунистичка, социјалистичка творба која го почитува марксизмот и единството.

Од друга страна научното претставување на историјата на народите била од огромно значење, посебно за народ како македонскиот кој до тогаш не бил признат и чии историчари не можеле да се изразат и да творат во сопствена држава, во сопствени институции, за сопствените историски настани и личности.

На крајот може да заклучиме дека списанието „Југословенски историски часопис" со сите свои карактеристики има големо значење за Македонскиот народ, за македонската држава и македонската наука, а учеството на македонските историчари со свои статии и други дела во него била голема. Денес на „Југословенски историски часопис" можеме да гледаме како на орган на Сојузот на историските друштва на Федеративна Народна Република Југославија кој придонел во развитокот на историската мисла.

И на самиот крај истакнуваме дека нејасно е прашањето колку оваа литература била задолжителна и колку таа била употребувана од

---

[11] Кампуш, Иван. Приручник за методику наставе хисторије, Историски преглед, (1962). 6.

научните работници, професорите на факултетите, наставниците по историја и колку била распространета, што можеби треба да се истражи, но евидентно е нејзиното значење и присуство во библиотеките на различни институции во Република Македонија. Значењето на „Југословенски историски часопис" ќе биде уште поголема доколку продолжи понатамошно проучување на списанието, од различни аспекти во засега необработените теми.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Јуруков, Игор. Стручните списанија по историја во Народна/Социјалистичка Република Македонија (1954-1991), Историја, Здружение на историчарите на Република Македонија, 2018, бр.2.

Historijski pregled, 1-4, Graficki zavod Hrvatske, (1964).

Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1962-1964).

Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1968-1974).

Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1983-1986).

Кампуш, Иван. Приручник за методику наставе хисторије, Историски преглед, (1962)

Dzambazovski, Kiril, Novi prilozi istoriju kulturno-politickih odnosa makedonskog i srpskog Naroda, u XIX veku, Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1964), br.1

M. Apostolski, II zasedanje AVNOJ-a i vojno-politicka situacija u Makedoniji, Jugoslovenski istoriski casopis, Beogradski graficki zavod, (1963), br.4.